Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02г.) и член 38 став (1) точка 44, а во врска со член 143 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21г.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 11.02.2022 година, донесе

# П Р О Г Р А М А

**за финансирање проекти, манифестации и значајни настани на Месните заедници во општина Гевгелија во 2022 година**

## 1.Цел

Основна цел на оваа Програма е поддршка на културните и другите активности организирани од месните заедници во населените места. Одржувањето на културните и другите активности во населените места е од посебно значење за животот и работата на граѓаните во средините каде што живеат.

Месните заедници, како облици на месна самоуправа, се грижат за културното живеење на граѓаните на своето подрачје.

## 2.Активности

Во 2022 година Општина Гевгелија ќе ги поддржи следниве активности на месните заедници :

| Р.бр. | Предлагач на проектот | Програмски активности | Предложени средства |
|---|---|---|---|
| 1 | Месна заедница ,,Прдејци“-с.Прдејци | Коледарска вечер; Свети Трифун; Панаѓурски дружења; ,,11-ти Октомври“ Прдејчка вечер | 30,000 ден. |
| 2 | Месна заедница "Ново Конско" - с.Ново Конско | Празнување на панаѓур во с.Ново Конско, концерт на фолкорни групи, Празнување на Митровден | 20.000 ден. |
| 3 | Месна заедница "Габрово" - с.Габрово | Празнување на панаѓур во с.Габрово; Митровден | 15.000 ден. |
| 4 | Месна заедница "Моин" - с.Моин | Моинска вечер; Празнување на 11-ти Октомври | 30.000 ден. |
| 5 | Месна заедница "Богородица" - с.Богородица | Првомајски трки; панаѓурски смотри; новогодишен концерт, концерт на фолклорни групи | 30.000 ден. |
| 6 | Месна заедница ,,Трајко Алчинов“ с.Старо Конско | Илинденски средби;панаѓурска прослава за Митровден; Коледардки хепенинг | 20,000 ден. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7 | Месна заедница "Серменин" - с.Серменин | Прослава на панаѓур на Илинден,прослава на Митровден,Серменинска вечер | 20.000 ден. |
| 8 | | Други активности | 35.000 ден. |
| | **ВКУПНО:** | | **200.000 ден.** |

3.Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-448/1
11.02.2022год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх**
с.р.